РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Воена Академија Скопје-придружна членка-
Бр. 08-46/69
06.04.2023 год.
СКОПЈЕ

# ОГЛАС

*за упатување на питомци од Воената академија во Скопје на Интернационален воен лидерски курс организиран од Воениот Универзитет на копнената војска на Република Полска*

**Огласот е објавен на ден: 10.04.2023 година**
**Огласот трае: 5 (пет) работни дена започнувајќи од 11.04.2023 година до 19.04.2023 година**

Во рамките на Програмата за билатерална соработка со Република Полска и добиената покана од Воениот Универзитет на копнената војска „General Tadeush Kosciuszko на Република Полска, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје, на ден 10.04.2023 година го објавува ОГЛАСОТ за упатување на 2 (двајца) студенти-питомци

Основната цел на наведената соработка е да промовира добра волја и да ги зацврстува партнерствата помеѓу Воените академии.

На огласот можат да се пријават студенти-питомци на Воената академија од трета година на прв циклус студии кои студираат во академската 2022-2023 година, кои ги имаат положено сите испити заклучно со непарните семестри во учебната 2022-2023 година и кои ги исполнуваат критериумите наведени во огласот.

- Временски период за реализација на **Интернационален воен лидерски курс** за студенти-питомци: **од 26.06.2023 до 30.06.2023 година.**

Сите трошоци поврзани со наведената активност ќе бидат покриени од страна на Министерството за одбрана на РСМ и Воениот Универзитет на копнената војска „General Tadeush Kosciuszko" на Република Полска, во согласност со билатералната соработка меѓу двете земји.

**Пријавата за учество на студентите-питомци треба да содржи:**

1. Пријава по оглас пополнета од кандидатот
2. Потврда за статусот студент-питомец (од студентска служба)
3. Препис од оценките за положени испити
4. Копија од важечка патна исправа (пасош)

Рангирањето на кандидатите ќе се изврши по следните критериуми:

- Постигнат успех (50 поени)
- Постигнатиот успех на последниот испит по англиски јазик (20 поени)
- Резултати од интервју (20 поени)
- Мислење од ЦОП (10 поени)

Пријавата да се достават преку деловодство на Воената академија со назнака:

До Продекан за ФИМС на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски"-Скопје

Д Е К А Н
полковник
д-р Митко Богданоски, редовен професор